# ПОДОБРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ НОВИНАРИТЕ И ПОЛИЦИСКИТЕ ОРГАНИ СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

АНАЛИЗА

Март 2022

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Здружение на новинарите на Македонија

**Автори:**
Огнен Чанчаревиќ
Тони Ангеловски

**Уредник:**
Драган Секуловски

**Лектор:**
Маја Катарова Апостолова

**Издавач:**
Здружение на новинарите на Македонија

Оваа публикација е изработена во рамки на заедничката програма на Европската унија и на Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ и нејзината акција „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (JUFREX)”

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или blishing@coe.int).

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| Вовед | | |
| „Изводокот од дневни настани како алатка за дневна комуникација со медиумите и информирање на јавноста - Како се читаат информациите од изводокот од дневни настани на МВР и кои се правилата за известување?“ | | 4 |
| Глава I | | |
| 1. | Каде, како и кога се објавува изводокот на дневни настани од изводокот од дневни настани на МВР | 6 |
| 2. | Настани што не се објавуваат | 8 |
| 3. | Кои се елементите што се објавуваат во еден настан во изводокот | 9 |
| 4. | Професионално известување и избегнување сензационализам при известувањето за настани од изводокот на МВР | 11 |
| Глава II | | |
| 1. | Информациите од МВР како почетна алатка за истражувања | 12 |
| 2. | Објава на имиња на жртви и осомничени за кривични дела | 13 |
| | 2.1 Објава на имиња на жртви, на нивните семејства и фотографии од трагични настани | 13 |
| | 2.2 Објава на имиња на јавни личности осомничени за кривични дела | 15 |
| | 2.3 Заштита на децата | 16 |
| | 2.4 Известувања за самоубиства | 17 |
| | 2.5 Крвни деликти - убиство | 19 |
| Заклучоци и препораки | | 20 |

# ВОВЕД

## „ИЗВАДОКОТ ОД ДНЕВНИ НАСТАНИ КАКО АЛАТКА ЗА ДНЕВНА КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИТЕ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА - КАКО СЕ ЧИТААТ ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ИЗВАДОКОТ ОД ДНЕВНИ НАСТАНИ НА МВР И КОИ СЕ ПРАВИЛАТА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ?“

Согласно обврските што произлегуваат од Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи ја информира јавноста за работи и настани што се од јавен интерес.

Тргнувајќи од начелото за транспарентност и отчетност, како и од принципот за недискриминација, Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања при Министерството за внатрешни работи е задолжен да ги информира новинарите и заинтересираните граѓани, водејќи воедно сметка за точноста и редовноста на обезбедените информации.

Исто така, законските обврски налагаат Министерството за внатрешни работи да внимава обезбедените информации да не наштетат на истрагата, како и да се почитува пресумпцијата на невиност.

Според Министерството за внатрешни работи, секогаш се посветува особено внимание на информирањето на јавноста согласно определбите за транспарентност во работењето, но и обврските што произлегуваат од Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Одделот за односи со јавност и стратешки прашања при Министерството за внатрешни работи секојдневно пласира информации преку разни комуникациски форми, овозможувајќи пристап до информациите на сите новинари или до други заинтересирани лица што ги побарале или ги бараат, врз недискриминаторска основа, тргнувајќи од начелото на транспарентност и отчетност, поради правото на јавноста да биде информирана за работи и настани што се од јавен интерес.

Притоа, особено се внимава на точноста и редовноста на информациите, како и да не се наштети на истрагата и на пресумпцијата на невиност на осомничениот или обвинетиот, на што секако обврзува и законот.

Министерството за внатрешни работи овозможува достапност на информациите 365 дена во годината, односно секој ден, без оглед дали станува збор за празник или викенд. Секојдневно се изра-

ботува извадок од дневни настани, кој се пласира до медиумите двапати дневно, а по потреба и повеќепати.

Од новинарска перспектива, медиумските известувања во делот на полицискиот сектор се можеби едни од најсензитивните, бидејќи честопати и најмала грешка при известувањето може да има последици врз семејствата на евентуалните жртви, осомничените за кривични дела за кои не е докажана вината, малолетните лица што биле жртви на одредено кривично дело или, пак, сториле кривично дело итн.

Оттаму потребата од едукација на новинарите, но и на сите граѓани на ова поле е повеќе од неопходна со цел да се заштитат граѓаните преку професионално известување во согласност со етичките стандарди. Во изминатите години има локална, но можеби и глобална пракса социјалните мрежи да се сметаат за еден вид „медиум" на кој се објавуваат различни информации, кои често се непроверени, а потоа истите тие се преземаат од традиционалните или од дигиталните медиуми. Затоа одговорноста, освен на новинарите, потребно е да биде и на секој граѓанин при објавувањето информации од ваков вид, со цел да не се нарушат основните човекови права и да не се доведе јавноста во заблуда. Новинарот секогаш треба да ја провери информацијата во извадокот од дневни настани или со лицата во МВР задолжени за односи со јавност - полициските портпароли.

Во овој сегмент и во оваа област, посебно се важни јавниот интерес, приватноста на личноста, но и лоцирањето на одредени општествени проблеми, па оттаму се зголемува и комплексноста кога станува збор за обработки на теми од оваа сфера.

Дополнително на ова, најчесто, вестите што доаѓаат од полицискиот сектор се негативни и поврзани со црна хроника, а голем број истражувања покажуваат дека читателите/гледачите се склони повеќе да перципираат лоши отколку добри вести, што дополнително влијае да се актуелизираат овие теми.

Во таа насока, двајца истражувачи од универзитетот „Мекгил" во Канада направиле истражување за перцепцијата на негативните вести и го прикажале својот експеримент како цврст доказ за таканаречената „негативна пристрасност", терминот на психолозите за нашата колективна глад за слушање и запомнување лоши вести 1.2 Нивната теорија вели дека како луѓе сме еволуирале за да реагираме брзо на потенцијалните закани. Лошата вест може да биде сигнал дека треба да го промениме она што го правиме за да избегнеме опасност. Нивните докази се базираат на тоа дека луѓето реагираат побргу на негативните зборови. Во лабораториските експерименти, зборот „рак", „бомба", „војна", „убиство", побргу предизвикува одговор отколку зборовите „бебе", „насмевка" или „забава".

Овие аргументи дополнително треба да ја зголемат одговорноста на сите оние што ги пишуваат, објавуваат и реобјавуваат овие информации, бидејќи нивниот импакт во јавниот дискурс може да биде преголем, а со тоа и штетен во општеството.

---

1 Статија објавена на Британскиот јавен сервис насловена како „Psychology: Why bad news dominates the headlines - BBC Future", достапно на https://www.bbc.com/future/article/20140728-why-is-all-the-news-bad пристапено на 2.3.2022 година

# ГЛАВА I

## 1 КАДЕ, КАКО И КОГА СЕ ОБЈАВУВА ИЗВАДОКОТ НА ДНЕВНИ НАСТАНИ

Во изработката на извадокот од дневни настани учествуваат вработените во Секторот за односи со јавност при Одделот за односи со јавноста и стратешки прашања на МВР, како и портпаролите на Секторите за внатрешни работи, од кои секој е задолжен за територијата што ја покрива соодветниот Сектор за внатрешни работи. Тоа е дополнето и со повеќе соопштенија во оваа насока, за некои позначајни настани за кои Одделот за односи со јавност цени дека е потребно да се даде поголемо внимание.

Извадокот од дневни настани се објавува на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи, се праќа на е-поштата на заинтересираните новинари, која постојано се проширува, а се објавува и на профилот на МВР, на социјалната мрежа Фејсбук. Првиот дел од извадокот се пласира вообичаено меѓу 11 и 12 часот во тековниот ден, а вториот дел околу 15.30 часот. Извадокот се испорачува во два дела, со цел новинарите да не мора да чекаат тој целосно да биде изработен, туку еден дел од настаните да ги добијат многу порано и да можат да ги користат за своите потреби, во поглед на изработката на прилози или текстови. Во него се опфатени сите позначајни, односно покрупни настани што се случиле претходниот ден, а по потреба и од актуелниот ден, доколку има настан што е од посебен интерес на новинарите и чие објавување е неопходно за да се задоволи интересот на јавноста. Во просек, дневно се обработуваат околу 40 настани, кои се составен дел на извадокот од дневни настани, а природата на информациите обработуваат настани, како што се сообраќајни несреќи со тешки последици, убиства, разбојништва, апсења, кривични пријави, поголеми нарушувања на јавниот ред и мир, пожари, заплени на дрога, како и други настани поврзани со работењето на полицијата.

Но, мора да се нагласи дека бројот на настани што дневно се евидентираат во полициските сектори во државата е поголем. Сепак, поголемиот дел од нив се настани што не се од особен јавен интерес, односно станува збор за помали инциденти или прекршувања на јавниот ред и мир, па затоа се врши селекција за која се задолжени вработените во Секторот за односи со јавност, како и локалните портпароли на Секторите за внатрешни работи. Целта на оваа селекција е да се даде предност на оние настани за кои се цени дека ќе бидат од поголем интерес на јавноста и истовремено да не се обременува извадокот од дневни настани со настани кои се помалку важни, со што би се релативизирале оние теми кои се очекува да бидат повеќе истакнати.

Важно е да се истакне дека доколку кој било медиум изрази интерес за настан што е евидентиран, а не се наоѓа во извадокот од дневни настани, таа информација ќе му биде доставена од лицето задолжено за односи со јавност на територијата на Секторот за внатрешни работи на кој се случил настанот.

Покрај објавите во извадокот од дневни настани, Министерството за внатрешни работи ги информира новинарите и преку канцелариите за односи со јавност во седум градови: Битола (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Битола, со градовите Битола, Прилеп, Крушево, Македонски Брод и Ресен, Охрид (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Охрид со градовите Охрид, Струга, Кичево и Дебар), Тетово (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово, со градовите Тетово и Гостивар), Струмица (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица со градовите Струмица, Гевгелија, Валандово, Радовиш, Дојран), Велес (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Велес со градовите Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија), Куманово (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Куманово со градовите Куманово, Крива Паланка и Кратово), Штип (го покрива подрачјето на Секторот за внатрешни работи Штип со градовите Штип, Пробиштип, Свети Николе, Македонска Каменица, Делчево, Берово), од каде што секојдневно се пласираат локални извадоци од дневните настани поврзани со настани од тие подрачја, кои се предмет на интерес на тамошните локални новинари.

Се разбира, доколку новинарите изразат интерес за кој било настан или случај што не е опфатен во овие извадоци, Министерството за внатрешни работи им ја овозможува таа информација по устен или по писмен пат. Новинарите ги добиваат информациите и на македонски и на албански јазик, што е во согласност со законската обврска од Законот за употребата на јазиците.

Во текот на изминатата 2021 година објавени се 365 извадоци од дневни настани, а покрај тоа, кон новинарите се пласирани и над 3.000 соопштенија поврзани со полициското работење. Покрај тоа, од локалните канцеларии, претставувани од портпаролите на секторите за внатрешни работи, се испратени над 2.500 соопштенија, значи вкупно над 5.500 соопштенија, дополнети со голем број изјави и прес-конференции. Во текот на 2021 година, до Министерството за внатрешни работи поднесени се 174 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, на кои е соодветно одговорено. Покрај присуството на МВР на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, кои се користат за пласирање информации, МВР има и јутјуб-канал, на кој во 2021 година се објавени 561 видео од активностите на Министерството.

# 2 НАСТАНИ ШТО НЕ СЕ ОБЈАВУВААТ

Во договор со Здружението на новинарите на Македонија од 2017 година, праксата на МВР е да не се објавуваат настаните каде што станува збор за самоубиство или самоповредување. Причината поради тоа е затоа што се смета дека непотребното популаризирање вакви настани може да поттикне дополнителни самоубиства, за што и кредибилни меѓународни организации укажуваат дека ваквото објавување во медиумите е штетно.

Во таа насока, Независната организација за етички стандарди ИПСО со седиште во Лондон укажува дека:

*„Широк број истражувачки докази покажуваат дека медиумските прикажувања на самоубиства, вклучително и информации објавени од весници и списанија, може да влијаат врз самоубиственото однесување и да доведат до чинови со кои се имитираат овие дејствија, особено кај ранливите групи или кај младите луѓе.“*[2]

Од оваа пракса постојат исклучоци, а тоа е во случај кога новинарот инсистира да му се дадат податоците за таквиот случај, Министерството за внатрешни работи ги споделува податоците со напомена за договорот со ЗНМ, а понатаму останува на одлука на уредувачката политика на медиумот.

Вториот исклучок може да биде кога има особен јавен интерес за овие теми и тие се поврзани со самоубиства на јавни личности, посебно во доменот на политиката, како и на самоубиства во јавни установи, посебно како што се казнено-поправните домови.

Оваа пракса е поради бројните критики на кои дотогаш беше изложено Министерството за внатрешни работи поради објавувањето вакви настани. Токму по барање на новинарите и Здружението на новинарите на Македонија, ваквите настани не се објавуваат.

2 Упатсво и препораки за известувања од самоубиства на Независната организација за етички стандарди ИПСО, објавено на https://www.ipso.co.uk/member-publishers/guidance-for-journalists-and-editors/guidance-on-reporting-suicide/ простапено на 25.2.2022 година

# 3 КОИ СЕ ЕЛЕМЕНТИТЕ ШТО СЕ ОБЈАВУВААТ ВО ЕДЕН НАСТАН ВО ИЗВАДОКОТ

Кога се опишува еден настан во извадокот од дневни настани, МВР внимава да не се издаде идентитетот на инволвираните, односно да не се објават личните податоци. Мора да се има предвид дека тука главно се објавуваат настаните на начин како што се пријавени од страна на пријавителот, а тоа постојано се нагласува, затоа што за некои настани има многу мал период за тој настан да биде целосно истражен, а постои итна потреба да се сподели информацијата со јавноста. Но, и кај настаните што се расчистени, повторно се внимава на тоа да не се издаде идентитетот на вклучените страни, со цел да се заштитат личните податоци, а со тоа и да не се повреди начелото на пресумпција на невиност. Оваа материја е уредена во Законот за заштита на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци.

Постои пракса до МВР да пристигне лажна пријава, но тоа се утврдува дури откако ќе се расчисти настанот. Така, на пример, неодамна до МВР има пристигнато пријава од граѓанин на Скопје дека му било извршено разбојништво пред спортска обложувалница и дека му биле одземени пари, но по расчистувањето на случајот, се утврдило дека тоа било лажна пријава и резултатот од истрагата беше објавен во извадокот од дневни настани со напомена за кој лажно пријавен настан станува збор.

*„Секторот за внатрешни работи Скопје расчисти лажно пријавување на кривично дело. Имено, на 19.10.2021, А.Д. пријавил дека на булеварот Јане Сандански, три лица физички го нападнале и му одзеле пари, кои ги подигнал од спортска обложувалница. По преземените мерки, било утврдено дека на наведениот датум не се случило такво дело, односно дека тој лажно пријавил разбојништво извршено над него. Со него бил извршен службен разговор и по целосното документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 366 од Кривичниот законик.“*

Според праксата од изминатите години на МВР, кога се објавува настан, се даваат основните информации за консументот, во најчест случај новинарот, со цел да се има јасна слика што се случило, но истовремено се внимава на оние податоци што не се за објавување поради тоа што можат да ѝ наштетат на истрагата. Се разбира доколку постои дополнителен интерес, на новинарите им се пласираат повеќе информации од вообичаената пракса, кои се одобрени од лицата што ја водат истрагата, а најчесто тоа се обвинители од различните обвинителства. Ова е нужно да се работи во консултација со обвинителството со цел да не се попречи истрагата за конкретниот случај.

Во основниот текст се дава периодот кога се случил настанот, суштината на настанот (приведување, сообраќајна несреќа, пожар, убиство и сл.), иницијалите и возраста на инволвираните, освен за малолетници, за кои не се даваат иницијали, ниту години на старост, каде што е пријавен настанот, како и што до тој момент е преземено од полициските службеници или од обвинителството, доколку и тоа е вклучено.

На пример, доколку станува збор за сообраќајна несреќа, се објавува времето кога е пријавена сообраќајната несреќа, улицата и градот или патот на кој се случила, возилата што се инволвирани и лицата што ги управувале, како и повредените со тешки телесни повреди или доколку има и починати.

*„На 28.2.2022, во 13 часот, во СВР Струмица било пријавено дека на улицата Христијан Тодоровски Карпош во Нов Дојран, товарно моторно возило „форд“ со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(60) од Нов Дојран, движејќи се station наназад, удрил во П.П.(88) од Гевгелија. Во несреќата, тешки телесни повреди добил пешакот по што бил пренесен во ЈЗУ Гевгелија, каде што починал. Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од полициската станица Гевгелија. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција.“*

Или доколку станува збор за заплена на дрога:

*„На 2.3.2022 околу 15 часот, на улицата Љуботенска во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.С.(51) и Б.Љ.(41), двајцата од Тетово, затоа што при преглед им бил пронајден хероин. Тие се задржани во полициската станица Тетово и по документирање на случајот, ќе им биде изготвен соодветен поднесок по член 215 од Кривичниот законик за „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.“*

Кога, пак, се известува за специфични случаи, како силување, семејно насилство и педофилија, информациите се објавуваат со особена внимателност и дополнителни проверки со цел да се избегне да се направи штета на жртвата затоа што некогаш и преку податоците што не се директно податоци на жртвата, може да се навести за кое лице станува збор и на тој начин да му се нанесе штета. Ова е особено карактеристично доколку настанот е во помало населено место, кога дури и доколку се дадат само иницијали е лесно да се разоткрие идентитетот на жртвата и на тој начин таа да биде изложена на двојно виктимизирање, како од насилникот, така и од јавноста.

# 4 ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ИЗБЕГНУВАЊЕ СЕНЗАЦИОНАЛИЗАМ ПРИ ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА НАСТАНИ ОД ИЗВАДОКОТ НА МВР

Во описот на настаните што се во извадокот на дневни настани на МВР има конкретни информации што новинарот може да ги искористи. За сите нејаснотии или дополнителни информации, на располагање се портпаролите на секторите за внатрешни работи или службениците во Секторот за односи со јавност, кои можат да бидат директно контактирани во кое било време. Ова е со цел во јавноста да се пласираат точни и издржани информации. Сензационализмот и пласирањето информации што не се проверени ѝ штетат на истрагата и дополнително можат да ја вознемират јавноста.

Како пример може да се наведе овој кривичен правен настан, кој во еден медиум е објавен со наслов *„Претепан полицаец во Скопје“* врз база на информација во извадокот од дневните настани.

А таму стои дека *„А.Н. (32) физички нападнал полициски службеник во Скопје“.*

Во оваа информација нема опис на нападот, ниту, пак, се наведени евентуални повреди од нападот, па така не може и не треба да се изведе заклучок дека полицаецот бил претепан. Иако во овој случај станува збор за оттурнување на полицискиот службеник, што е дело казниво и во ниту еден дел од официјална информација не може да се извлече заклучок дека полицискиот службеник бил претепан. За да се привлече внимание или за да се зголеми посетеноста на веб-страницата на тој медиум, се прават вакви намерни или ненамерни пропусти со кои информацијата се претвора во дезинформација.

# ГЛАВА II

# 1 ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МВР КАКО ПОЧЕТНА АЛАТКА ЗА ИСТРАЖУВАЊА

Медиумскиот простор во последнава декада се соочува  со сериозен проблем на сè поголем број онлајн-медиуми, за кои не е позната сопственоста и не подложат на никаква одговорност, па затоа со голема внимателност треба да се приоѓа кон објавените информации и да се користат телата за медиумската саморегулација при ЗНМ и Советот за етика во медиумите, во Македонија за да се пријавува секоја содржина што не кореспондира со професионалните практики на транспарентност, отчетност, вистинитост и разграничување на јавниот интерес од приватноста.

Преку претставки до медиумските саморегулативни тела, за содржина, за која публиката цени дека не е во согласност со етичките стандарди на новинарската професија, се влијае позитивно врз медиумската писменост и се дава шанса на медиумите да се коригираат за своите пропусти и грешки.

За професионалните медиуми, од особена важност е информациите што доаѓаат од МВР, да не ги користат само како дневни вести со цел да се пополни просторот во етерот или, пак, да се привлечат кликови, туку тие треба да бидат почетна точка за дополнителни истражувања. Со оглед на тоа што живееме во динамично време, кога, според истражувањата, речиси 70 отсто од читателите во онлајн-медиумите ги читаат само насловите пред да ги коментираат на социјалните мрежи[3], особено треба да се внимава каков наслов и каква фотографија ќе има текстот, со цел да не се загрози приватноста на личноста и нејзиниот интегритет, особено доколку станува збор за жртва.

Сепак, процентот на лицата што ги читаат само насловите не треба да биде обесхрабрувачки за професионалните новинари. Во секој дел од изводоците од дневни настани на МВР има информации што треба да укажуваат на нешто повеќе. Па така, на пример, доколку во неколку изводоци има податоци дека дента се случиле три сообраќајни несреќи каде што имало жртви, тоа треба да биде аларм да се истражува понатаму, користејќи го Законот за слободен за пристап до информации од јавен карактер[4] и да се анализира колку сообраќајни незгоди со жртви имало во последнава

3 Статија на Вашингтон пост од јуни 2016 година насловена како „6 in 10 of you will share this link without reading it, a new, depressing study says - The Washington Post“, https://www.washingtonpost.com/news/the-intersect/wp/2016/06/16/six-in-10-of-you-will-share-this-link-without-reading-it-according-to-a-new-and-depressing-study/ , пристапено на 17.02.2022 година

4 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (aspi.mk)

деценија, каков епилог имале овие случаи, колкави казни добиваат лицата и дали можеби постои системска грешка или лоша судска практика при санкционирањето на овие случаи. Сето ова ќе има поголем импакт при откривањето на општествените практики, отколку „голото“ препишување на дневните извадоци со сензационалистички наслови. Само така на читателите ќе може да им се долови целосната слика за општеството во кое живееме и ќе се овозможи да расте медиумската писменост, која во земјава е на исклучително ниско ниво, за што постојано се укажува од страна на локалните медиумски организации во земјава.

# 2 ОБЈАВА НА ИМИЊА НА ЖРТВИ И ОСОМНИЧЕНИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА

## 2.1 ОБЈАВА НА ИМИЊА НА ЖРТВИ, НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И ФОТОГРАФИИ ОД ТРАГИЧНИ НАСТАНИ

Новинарските известувања секогаш како првична цел треба да го имаат јавниот интерес и секогаш тоа е првото прашање што треба да си го постави секој новинар пред да почне да работи каква било сторија поврзана со полицискиот сектор или на теми поврзани со безбедноста на граѓаните и генерално на општеството.

Во **извадоците од дневни настани** често се сретнуваат поднесени кривични пријави за најразлични кривични дела, од поседување лесни наркотици, до кражби, убиства и сообраќајни несреќи. Полициските извадоци најчесто не содржат имиња, туку само иницијали на жртвите и на сторителите, доколку се познати. Во последните  години, МВР наметна пракса да не се објавуваат имињата на угостителските објекти што се поврзани со случување на одреден деликт за да се заштитат од непотребен и најчесто негативен публицитет.

Но, новинарите, често, преку свои извори, успеваат да ги дознаат имињата на сторителите или на жртвите и да ги пласираат во јавноста, нешто што претставува меч со две острици бидејќи, сакајќи да се објави ексклузивна информација, лесно може да се повредат правата на засегнатите, и тоа посебно во делот на начелото на пресумпцијата на невиност.

Многу често, жртвите на сообраќајни несреќи и нивните семејства, па и жртвите на семејно насилство стануваат топ тема во медиумите, кои објавуваат фотографии и детали од трагичните настани и споделуваат информации за жртвата и семејството, без разлика дали семејството се согласило на

тоа. Тука постои голем предизвик за медиумите за тоа како да известуваат за жртвите и семејствата, без да им нанесуваат повторни трауми и душевна болка.

Правото на јавноста да знае, не може да биде секогаш изговор да се објавуваат детали од нечиј приватен живот. Непроверените информации и анонимните снимки не можат едноставно да се објавуваат во името на заштитата на јавниот интерес. Грижата за децата не се покажува на тој начин што тие трајно ќе се жигосаат како жртви на сексуално злосторство преку објавување нивни имиња и фотографии. Објавувањето снимки на убиства, жртви на несреќи за кои се познати и неспорни сите околности, не придонесува кон ништо друго, освен кон дополнително страдање на семејствата на жртвите и задоволување на љубопитноста на граѓаните.[5]

Жртвата или семејството, односно старателите, имаат право да дадат согласност да се објави нивната верзија на приказната, но, исто така, од страна на медиумите треба да се почитува правото кога овие лица не сакаат да излезат во јавност со изјава и бараат да се почитува правото на приватност. Да се даде можност за изјава треба да има секој и тоа е едно од основните правила во новинарството, но доколку лицето одбие, тогаш тоа треба да се почитува, особено кога станува збор за сензитивни случаи, како семејно насилство, педофилија, силување и слични дела, каде што постои можност лицето да претрпело сериозни трауми и секое раскажување на делото да предизвикува повторно доживување на тој настан. Баланс може да се воспостави во случаи кога жртвата или семејството се согласува да зборува анонимно, во контекст на една поширока сторија за делата од таков карактер.

Класичен пример за тоа е случајот „*Јавна соба*“, каде што жртвите беа јавно жигосани, беа цел на потсмев и осуда кај голем дел од јавноста и затоа одлучија да молчат и да се кријат. Тоа, пред сè, ја отежна работата на истражните органи бидејќи само мал дел од жртвите беа подготвени и собраа сила јавно да проговорат и да соработуваат со полицијата и обвинителството. Оправдано, бидејќи голем дел од нив се плашеа од дополнителна стигматизација, ревиктимизација и од јавен линч.

Единствениот правилен начин на известување во вакви случаи е да се заштити идентитетот на жртвата, а полициската информација е само почетна точка за истражување.

Во член 8 од Прирачникот за етика во новинарството се вели дека жртвите на злосторства или несреќи имаат право на посебна заштита на своите имиња. Воопшто не е потребно да се идентификува жртвата за читателите подобро да ја разберат незгодата или криминалот. Исклучоци од ова правило се можни само доколку лицето е јавна личност или ако настанот го следат посебни околности, но и во овие случаи потребно е да се постапува со особена внимателност.[6]

---

5 Рес публика, 2016 Скопје, Прирачник за јавниот интерес во новинарството, стр.12, достапен на https://iks-edu-mk.b-cdn.net/wp-content/uploads/2020/01/priracnik-mediumi-11-03-2016-MK.pdf пристапено на 19.2.2022 година

6 ЗНМ, Прирачник за етика, Скопје 2016, достапен на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf, пристапено на 18.2.2022 година

## 2.2 ОБЈАВА НА ИМИЊА НА ЈАВНИ ЛИЧНОСТИ ОСОМНИЧЕНИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Сосема е различно известувањето доколку станува збор за јавни личности. Во тој случај, јавниот интерес надвладува над приватниот интерес, но секако потребно е се земат предвид повеќе аспекти. Па така, доколку во полицискиот **изводок од дневни настани** се прочита дека лице со одредени иницијали, а е на јавна функција и за него постојат сомнежи дека проневерил пари од буџетот, дека предизвикал сообраќајна несреќа или, пак, сторил какво било друго кривично дело, неговиот идентитет во медиумите се објавува јавно. Ова е од неколку причини: лицата што вршат јавни функции и располагаат со буџетски пари, имаат сосема друг вид одговорност пред јавноста, и во тој случај, преовладува јавниот интерес. За тоа постојат и спроведувања на т.н. **тестови за штетност** и во таквите случаи и меѓународната практика покажува дека јавниот интерес преовладува над приватниот.

Таков пример е со градоначалник на општина во југоисточниот дел од државата, кој беше фатен на дело како шверцува цигари преку државната граница, заедно со членовите на неговото семејство.

Сепак, и во ваквите случаи постојат одредени граници што треба да се почитуваат, односно поднесената кривична пријава од полицијата не е конечна и затоа и новинарските извештаи треба прецизно да го содржат тој момент, дека не станува збор дека лицето е обвинето или, пак, осудено, туку дека за него постојат сомнежи дека сторило кривично дело со поднесената кривична пријава.

Пресумпцијата на невиност е она што важи за сите евентуални сторители на кривични дела, па оттаму исклучително важен е наративот во новинарската сторија. Ниту едно лице против кое е поднесена пријава не е виновно додека предметот не помине преку Јавното обвинителство, а потоа и на првостепен и на второстепен суд. Оттаму, од голема важност е реториката, особено во насловите, односно постои разлика дали ќе се објави наслов „Градоначалникот XXX проневерил 100.000 евра од општинскиот буџет“ или „Градоначалникот XXX се сомничи дека проневерил 100.000 евра од општинскиот буџет“.

Како пример за идентично постапување и известување на новинарите може да се земе случајот со министер, кој во октомври 2016 година предизвика сообраќајна незгода и потоа побегна од местото на настанот. Внимателното и професионално известување е императив бидејќи тој сè уште е само осомничен, а можно е и да се случи пресврт, како во овој случај, кога некој друг се обиде да ја преземе вината.

*„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести и судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на*

*пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда“, се вели во членот 8 од Прирачникот за етика во новинарството при Здружението на новинарите на Македонија.*[7]

Таму се вели дека во „случаи на официјални лица или политичари дозволено е објавување имиња доколку кривичното дело е поврзано со функцијата. Истото се однесува на познатите личности доколку делото за кое се осомничени е во спротивност со јавниот имиџ што го имаат (на пример, кога прочуен борец за правата на децата е педофил и сл.)“.

Понатаму, според истиот прирачник, објавувањето имиња и/или фотографии на осомничени, обвинети за убиство, сепак, е оправдано ако е тоа во интерес на решавање на злосторството или ако кривичното дело е извршено во јавноста (на пример, кога полицијата објавува име на сериозен криминалец, кој е во бегство).

## 2.3 ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Медиумите не смеат да ги идентификуваат децата под 16 години што се жртви или сведоци во случаи на сексуално насилство, дури и ако имаат дозвола (од родителите, старателите) да го сторат тоа. Во секој извештај, кога се работи за сексуално насилство врз детето, новинарите треба да се придржуваат кон едноставното правило: детето не смее да биде идентификувано.

Како пример ќе ја земеме оваа информација објавена во извадокот од дневни настани на МВР, на 16 февруари 2022 година.

*„На 15.2.2022, во 13.15 часот, во СВР Скопје, 49-годишна жена од Скопје пријавила дека дознала од својата малолетна ќерка дека нејзиниот татко Љ.Г. (поранешен сопруг на 49-годишната жена) извршил обљуба над неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот“.*

Ако новинарот се одлучи да известува за овој случај, може и не мора да ја наведе возраста на мајката на жртвата, може да наведе дека е од Скопје, а истото важи и за иницијалите на осомничениот, но може да наведе дека е татко на жртвата и дека тие се разведени.

Без разлика на квантитетот на информациите што се пласирани во информацијата од извадокот од дневни настани, новинарот мора да ја заштити жртвата. Стигматизацијата, особено во малите средини, е сериозен проблем, со кој семејството на жртвата и самата жртва ретко може да се справи, а истото важи и за семејството на осомничениот, кое ќе наиде на сериозни проблеми во секојдневниот живот.

7 Ibid

Третирањето на децата во медиумите, освен во новинарскиот Кодекс, е регулирано и со Конвенцијата на ОН за правата на детето, како и со општоприфатените стандарди, кои наложуваат дека е строго забрането манипулирање со детските емоции, инсистирање на повторно преживување на траумата и објавување на идентитетот на детето.

*„Објавувањето или недоволната заштита на идентитетот на малолетниците (интервју со роднините, снимки од куќата или непосредното опкружување), информирањето за детали од злосторството, особено доколку станува збор за такви деликатни случаи, како што е сексуално и семејно насилство, секогаш ја изложува жртвата на уште поголема траума и ја зголемува трагедијата. Одговорноста за таквото повторно трауматизирање е директно кај новинарот и медиумот што го прави тоа", стои во Прирачникот за етика во новинарството при ЗНМ.*

## 2.4 ИЗВЕСТУВАЊА ЗА САМОУБИСТВА

Здружението на новинарите (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), во неколку наврати имаат апелирано во однос на известувањата за самоубиства и ги повикуваа новинарите на максимално почитување на етичките стандарди и норми и воздржување од сензационалистичко информирање.[8]

Според член 7 од Кодексот на новинарите, *„новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост"*. Воедно, таму стои и обврската на медиумите содржана во член 8 од Кодексот, според која, *„начинот на информирање во случаи на несреќи мора да биде ослободен од сензационализми"*. Овие членови од Кодексот јасно упатуваат на обврската на новинарите да известуваат за случаите на самоубиства или обидите, само доколку станува збор за поширок јавен интерес или, пак, кога станува збор за јавни личности, со цел објективно да се информира јавноста и да се избегнат можните шпекулации. Но, и во тие случаи, новинарите имаат одговорност да известуваат урамнотежено, со сигурни докази потврдени од релевантни извори и секогаш почитувајќи ги личната болка и жалост на најблиските.

Здружението на новинарите на Македонија и МВР, во 2017 година, со заедничка координација постигнаа договор дека во извадоците од дневни настани на Министерството нема да бидат вклучени самоубиствата, освен кога станува збор за очигледен јавен интерес, како што се случи, на поврза-

8 Објава на ЗНМ и СЕММ од јуни 2021 година, насловена како: ЗНМ и СЕММ бараат крајна внимателност при известувања за лични трагедии или самоубиства (semm.mk), достапна на https://semm.mk/soopshtenija/910-znm-i-semm-baraat-krajna-vnimatelnost-pri-izvestuvanja-za-lichni-tragedii-ili-samoubistva, пристапено на 19.2.2022 година

ност со носители на јавни функции или, пак, самоубиства што се случени во простории под надлежност на јавен орган (државна институција).

Појдовна точка за оваа одлука беше фактот што е целосно непотребно предизвикување повторна душевна болка кај семејството на починатиот, избегнување сензационализам и секако поттикнување на извршување на истото дело.

Зголемувањето на бројот на самоубиства е директно поврзано со сензационалистичко и неодговорно известување од медиумите.[9]

Објавените фотографии и имиња на лица што извршиле самоубиство не играат никаква улога во општествениот контекст, освен што можат да донесат ненадоместливи штети за нивните семејства, кои и онака се истрауматизирани од трагичниот настан. Сепак, во одредени случаи, кога станува збор за јавни личности, медиумите не можат да го игнорираат самоубиството, но, сепак, треба крајно внимателно да известуваат за него, бидејќи во спротивно може да донесе големи последици. Па така, релевантни истражувања покажуваат дека ризикот за самоубиства на други лица се зголемува за 13 проценти, веднаш откако одреден медиум ќе објави за извршено самоубиство. Ако, пак, медиумот го објави и начинот на кое лицето го извршило самоубиството, шансата да се зголеми процентот на самоубиства во земјата се покачува на 30 отсто.[10]

Токму затоа, во медиумите, а и во извадоците мора да се избегнуваат овие настани да се прикажуваат како нешто што се случило на дневна основа.

Сепак, бројката на самоубиства не смее да биде игнорирана, особено ако таа е во пораст, бидејќи тоа прикажува една општествена слика што заслужува посебно внимание, но тие теми можат да бидат обработувани во други контексти, како на пример: дали депресијата е табу-тема во земјава, дали лицата со психички проблеми имаат проблем да се обратат за помош за да не бидат виктимизирани, како да им се помогне на тие што имаат суицидни нагони, колку државата им помага на овие лица за да ги оттргне од намерата да си го одземат животот итн.

Медиумите, само на овој начин, можат да придонесат да се разбијат одредени табу-теми и да помогнат отворено да се проговори за проблемите, третирајќи ги прашањата во поширок контекст, наместо да известуваат за секое самоубиство одделно - нешто што воопшто нема да придонесе да се реши проблемот на општествено ниво.

9 Стручно списание за епидемиологија и здравје на заедницата, J Stack, Media coverage as a risk factor in suicide, состапно на https://jech.bmj.com/content/57/4/238?fbclid=IwAR224VRsZuxmWtXVla_eD88Dkj39M6dJPTXkUmBbkwHuMsIQ7bbqyEascl4, простапено на 20.2.2022

10 Статија објавена на БМЈ, 2020 година, Лондон насловена како Association between suicide reporting in the media and suicide: systematic review and meta-analysis | The BMJ, достапна на https://www.bmj.com/content/368/bmj.m575, пристапено на 21.2.2022 година

## 2.5 КРВНИ ДЕЛИКТИ - УБИСТВО

Убиството е една од најтешките форми на кривично дело што ги познава Кривичниот законик и за нив се пропишани ригорозни казни, кои се движат од неколку години, до казна доживотен затвор. Убиството е еден од најтешките настани за кои новинарот може да известува, особено во случаи кога жртвата или жртвите се деца, стари и беспомошни лица или, пак, е сторено на брутален и исклучително суров начин. Новинарот мора да ги блокира емоциите, бесот, тагата или омразата за да може да известува професионално и непристрасно.

Убиството е настан, кој, речиси без исклучок, привлекува најголемо внимание во јавноста.

Кога станува збор за убиство, новинарите и медиумите многу ретко ги чуваат во тајност идентитетите на жртвата и на лицето што го сторило делото и ова најчесто е етички проблем.

Како пример може да се наведе актуелниот случај присутен во медиумите пролетта во 2022 година со младата велешанка, која ,според дел од објавите, а потоа и со судска пресуда, во самоодбрана го застрела својот невенчан сопруг, кој со години физички ја малтретирал.

Двата идентитети беа откриени, јавноста речиси, без исклучок, со поддршка за жртвата, што фрли дополнителна тежина на работата на полицијата, а потоа и на обвинителството.

Во овој случај, станува збор за убиство на миг, или нужна одбрана, што неретко се случува кога ова кривично дело е извршено во кругот на семејството.

Убиство поради одмазда, убиство при пресметка на две или повеќе лица или криминални групи се настани кон кои новинарот мора да пристапи со максимална претпазливост и секогаш мора да ги бара и да ги истражува мотивите или причината за овој тип настани.

Повторно мора да се потенцира опасноста од дополнителна виктимизација или стигматизација на жртвата и семејството на жртвата, како и на семејството на сторителот, поради што новинарот мора да биде крајно претпазлив како постапува.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Извадокот од дневните настани е многу корисна алатка, која им користи на новинарите, а на Министерството за внатрешни работи му помага да го задоволи правото на јавноста да биде информирана за работи и настани што се од јавен интерес. На тој начин, и граѓаните редовно имаат појасна слика за настаните што се случуваат во државата, но и се информираат за работењето на полицијата. Преку јавното навремено објавување на настаните се спречуваат и шпекулации и манипулации, кои имаат за цел да ја нарушат безбедноста, не само на јавниот ред и мир, туку и генерално во општеството.

Во извадокот од дневните настани се објавуваат основните информации, а лицата од Секторот за односи со јавност им стојат на располагање, не само на новинарите, туку и општо на граѓаните за дополнителни информации, како и за информации поврзани со развојот на истрагата за конкретниот настан, со што би се добила комплетна слика за конкретниот настан.

Од новинарска гледна точка, извадокот од дневни настани е добра почетна алатка за новинарите, без разлика дали станува збор за новинар почетник, новинар специјализиран за известување од областа на криминалот или за истражувачките новинари.

Сепак, информацијата во извадокот од дневни настани , доколку новинарот, уредникот или медиумот смета дека кривично-правниот настан треба да се покрие и е од јавен интерес, е одлична основа. Времето на случување и приближна или описна локација секогаш се составен дел од информацијата, а тоа е доволно за почеток.

Новинарот може и треба да ја открие локацијата, да ја посети и таму да се обиде да собере што е можно повеќе информации за настанот од сведоци.

Клучно е да се запазат професионалните стандарди и новинарската етика, по секоја цена да се избегне откривањето на идентитетите поради причините што се веќе наведени и да се спречи дополнителното страдање и стигматизацијата на лицата и семејствата инволвирани во кривично-правниот настан.

## КОРИСНИ СОВЕТИ И ПРЕПОРАКИ

- Новинарите и сите засегнати страни што ја истражуваат работата на полицијата или работата на истражување поврзано со случаи на прекршувања на законот, да го користат извадокот од дневните настани како почетна информација за која има простор да се доработува;

- За сите дополнителни информации, новинарите, како и сите засегнати страни, да ги контактираат лицата задолжени за односи со јавност од Одделот за односи со јавност и стратешки прашања при Министерството за внатрешни работи (одговори може да се добијат до степен со кој не се загрозува истрагата или личните податоци на инволвираните);

- Голем број од објавените настани во извадокот од дневни настани не се расчистени целосно, односно постојат тековни истраги по кои МВР во соработка со судските инстанци соодветно постапува;

- Да се пренесуваат коректно настаните во медиумите со запазување на новинарските етички правила и да се избегнува сензационализам преку кој може погрешно да се наведат граѓаните и да се доведат во заблуда;

- Идентитетот на жртвите, во случаи на сообраќајни незгоди, природни катастрофи или трагични настани, од семејствата прво треба да бидат објавени од истражните и од надлежните органи, а не од медиумите;

- Медиумите секогаш мора да го потврдат идентитетот на жртвата од семејството и да се побара претходна дозвола пред ваков тип информации да бидат објавени во јавноста;

- Новинарот пожелно е да ја посети локацијата каде што се случил кривично-правниот настан и да земе и да собере што е можно повеќе информации од сведоци и од засегнати страни со цел да ја надгради информацијата, која е достапна во извадокот од дневни настани;

- Новинарот е потребно да внимава како ги пласира информациите, со оглед на фактот дека извадокот од дневни настани на МВР е појдовна точка и секој осомничен не е обвинет, односно заклучоците не се конечни. Ова е особено важно со цел да се запази начелото на пресумпција на невиност;

- Новинарот е потребно со особена внимателност да  известува за крвен деликт (убиство) со цел да не предизвика дополнителна душевна болка на семејството на жртвата или стигматизација или, пак, одмазда;

- Новинарот треба да внимава дали ќе ги објави имињата на објектите во кои се случил кривично-правниот настан, освен во случаи кога станува збор за јавен објект или објект на локална или државна администрација со цел да се избегне непотребна штета на имиџот на комерцијалните објекти.

„Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ е заедничка иницијатива на Европската Унија и Советот на Европа и им овозможува на корисниците да ги спроведат реформските планови во областите човекови права, владеење на правото и демократија, и да се усогласат со европските стандарди, вклучително, по потреба, во рамки на процесот на проширување на ЕУ. Оваа тригодишна програма опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Турција и Косово* и ја имплементира Советот на Европа од мај, 2019 година.

**Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОХСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Ставовите изразени овде нужно не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.*

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпи-шаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите пра-ва, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изгра-дија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржу-вајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните сло-боди. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

Здружение на новинарите на Македонија